*Елица МАНЕВА*

**УДК: 904:738.8(497.7)„14/19"**

# ПРИЛОГ КОН ПОЗНАВАЊЕТО НА КЕРАМИКАТА ОД ОСМАНЛИСКО ВРЕМЕ ВО МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Османлиската садова керамика од Македонија е сосема непроучена. На ова место се прави обид преку дел од достапните материјали од Скопско Кале, Исарот – Штип и од една приватна колекција да се претставaт најкарактеристичните особини на оваа богата продукција.*

***Клучни зборови***: *ОСМАНЛИСКИ ПЕРИОД, САДОВА КЕРАМИКА, ГЛАЗУРА, ЗГРАФИТО, ЛУЛИЊА*

Керамичката садова продукција почнувајќи од неолитот, па сè до XIX век претставува квантитативно најмногуброен наод на археолошките локалитети во Македонија. Таа служи, пред сè, во секојдневниот живот за подготвување, чување и послужување на храната и пијалаците. Во погребните ритуси керамичките садови биле урни за посмртните останки од кремацијата. Освен тоа, садови со „попатнина" се ставале како гробни прилози и во скелетните погребувања. Керамиката имала своја примена и во култните и религиозни дејства, во технолошко-техничките производствени процеси, во секојдневните потреби на луѓето и сл. Неретко, керамичките садови се синоними и за скриените остави со скапоцености.

Керамиката е секојдневен, потрошен, релативно евтин материјал кој лесно се крши, но откршоците опстојуваат со векови во земјените слоеви (донекаде и во водите). Покрај другото, и поради тоа, керамичките остатоци спаѓаат меѓу доминантните археолошки материјали.

На подрачјето на Македонија има повеќе керамолози кои се занимавале со истражувања на праисториската[1] и античката, садова керамика.[2] За разлика од нив, средновековните керамички материјали, иако се најдени во огромни количини, се малку проучени, било да се работи за локалната керамика, онаа за куќната и секојдневна употреба[3] или за садовите од луксузната продукција.[4]

---

[1] Санев (2008), 33-44, Т. I-III; Колиштркоска-Настева, Карпузова (2008), 127-141, Т. I-IV; Митревски (2012), 85-98, etc.

[2] Anderson-Stojanović 1977; Манева 1979; Битракова-Грозданова 1987, Т. I-XVI; Ончевска-Тодоровска 2004; Ead., 2010 etc.

[3] Алексова 1960, 199-217; Ристески (2008), 1035-1061, Т. I-III; Белдедовски (2008), 943-951; Бабиќ 1986, 287-295, 298-306.

[4] Бабиќ 1986, 296-297; Id., (2008), 917-933, Pl. I-VIII.

Керамиката, пак, од османлискиот период во Македонија е речиси сосема непроучена. Причините за тоа се многубројни.

Периодот од XV век и вековите што следуваат до неодамна не се третираа со археолошки методи.[5] Од друга страна, населбинските комплекси кои ги содржат слоевите од наведеното време, по правило, се натслоени со современите населби, односно градови и се недостапни за покомплексни, систематски истражувања. Во некрополите од османлискиот период керамичките садови одвај се присутни во гробовите. Имено, покрај исламските и еврејските некрополи каде што овие гробни прилози канонски се исклучени, керамичките садови се ретки и во христијанските гробови во кои се наоѓаат голем број други наоди, додека керамиката се наоѓа како вонгробен материјал.[6]

Големите археолошки истражувања што беа преземени во Македонија во периодот 2007-2010 година на неколку капитални локалитети го изнесоа на виделина и доскоро непознатиот и необработуван османлиски керамички материјал.

Особено интересни и богати во тој поглед се покажаа локалитетите *Скопско Кале*[7] и *Исарот* – Штип.[8] Во овој преглед предмет на проучување се и примероците од една приватна колекција.[9] Прелиминарните согледувања на овие селектирани егземплари даваат за право да се каже дека постои континуитет и подолго траење на одделни, локални типови и форми на садова керамика наследена од постарите епохи. Тоа се оние форми и типови коишто биле одомаќени во секојдневниот живот. **(Сл. 1-5)**

Нема сомнение дека месното население практикувало со векови одделни навики, особено во врска со приготвувањето, чувањето и послужувањето на храната.

И во текот на *турското средновековие*[10] е забележливо присуството на црепни (и капаци)[11] за печење леб и тестенини, како и т.н. *ѓувеч-тави* познати уште од античко време. И крушовидните грниња, без држалка, со една или со две држалки

---

[5] Манева 2007/$_1$, 169-183; Ead., 2007; Ead., 2012.

[6] Во христијанските некрополи се наоѓаат голем број керамички наоди од османлискиот период надвор од гробовите.

[7] За увидот во керамичкиот материјал ископан на локалитетот *Скопско Кале* 2008-2012 година му благодарам на раководителот на археолошките и конзерваторски зафати, проф. Драги Митревски.

[8] Ископаниот керамички материјал од *Исарот* – Штип (2008-2010) своевремено несебично ми го стави на располагање колегата Звонко Белдедовски (1948-2011).

[9] На ова место ги зедов предвид и неколкуте примероци на садова керамика од приватна колекција на семејно наследство.

[10] Во историската наука во употреба е терминот „Турско средновековие на Македонија" за периодот од XV до XVIII век. Сметаме дека тој е применлив и во археологијата на овие простори. Стојановски 1989, Манева 2007/$_1$; Ead. 2007, 2012 etc.

[11] Со текот на времето во употреба влегле и металната тава со вршник, но со истоветен начин на печење. Бабиќ 1986, 298-305. Истовремено до денешен ден се зачувани и глинените црепни. Види напред Cf. n. 27.

(како и со векови пред тоа), по својот облик биле погодни за приготвување варива.[12] **(Сл. 1-2)** Тие се наоѓани со или без поклопци.

Истите облици со поголеми димензии служеле за пренесување и, пред сè, за чување на зрнестата храна. Според димензиите, тие се именуваат како врчви и ќупови. Најволуменозните се, всушност, питосите, чија форма и намена е наследена од антиката. Разликата со оние од османлиско време е во прстенестите обрачи во вид на јаже или апликациите од глинени колаци кои со прсти, пред печењето се притиснати врз надворешната површина.[13] **(Сл. 3)**

Помалите грнчиња со висина околу ±10 см биле наменети за индивидуална употреба како чаши. Ги има едноушести или без држалка.[14] **(Сл. 4)**

Сличен континуитет во изгледот се забележува и кај садовите за течности: амфоровидните форми, оинохоите (за вино) со трилистна или четворолистна устинка **(Сл. 7в)** и разновидните бокалчиња.[15]

Сличности на примероци од османлиско време со постарите форми се среќаваат и кај садовите за послужување и приготвување на храната како што се разновидните длабоки вагани, каленици и плитки чинии со прстенести или нагласени стопи.[16] **(Сл. 5, 6б, 9, 10)**

За извршување на христијанските обреди и понатаму биле ползувани соодветните форми на путири за причесна, за нафора, за кадилници, кандила, посатки за темјан, свеќници итн.

Повеќе типови од т.н. техничка керамика, исто така, опстојувала со векови. Тоа се садовите за пресипување растопени метали, за фармацевтски[17] и медицински намени, за пигменти и бои и сл. Тука спаѓаат и акустичните „грниња"-резонатори[18] кои биле вградувани во ѕидовите за апсорбирање на ехото при црковните служби

---

[12] Ристески (2008), Т. I-II.

[13] Bajalović – Hadzi-Pešić 1981, 54-56, (види питоси од Хиландар и Белград) со глинени обрачи).

[14] Бабиќ 1986, 287-293; Bajalović – Hadzi-Pešić 1981, сл. 50-61.

[15] Горната половина кај голем број керамички форми во словенската традиционална, садова продукција била декорирана со „цртки и рецки" со посебно космогониско значење. Најчесто станува збор за култните календари поврзани со аграрните дејства, атмосферските прилики и соларното движење. Рыбаков 1987, 164-194. Кај средновековните садови за течност, како и кај оние од периодот од XV до XIX век се забележуваат реминисценции на мотиви кои во себе носат одредена „магиска" симболика. Со врежување (кај постарите, Алексова 1960, сл. 2, Т. I, 5, 6 ) или сликање со бела боја, најчесто се сугерира трихотомноста на универзумот. Горниот дел, околу устинката, вратот и дршката е просторот во кој се прикажани небесните води во вид на капки-цртки, под нив се насликани мотиви од вегетацијата, а оваа претстава завршува со хоризонтални линии (една, две, или со цртки) како слој на земјата (и подземјето). **(Сл. 7б, в)** Има и редуцирани претстави само со нагласени мотиви на вегетација. **(Сл. 7а)**

[16] Ibid., 57, 58, Т. XVII-XVIII.

[17] Од ископувањата на Ново Брдо – Косово потекнува цилиндричен аптекарски сад од XV век со аналогии во фрескоживописот од „Св. Пантелејмон" во Нерези – Скопје од 1164 година. Јовановић 2004, сл. 63, 64.

[18] Bajalović – Hadzi-Pešić 1981, 71-73, T.XXVIII.

или при градење на куполите. Тие имале и статичка намена за растоварување на тежината итн. За оваа намена, често биле ползувани садови со полош квалитет, неправилна форма и слични недостатоци настанати во производствениот процес.[19] **(Сл. 7б)**

Средновековната, луксузна садова керамика, онаа што се наоѓала на трпезите на благородништвото и градскиот патрицијат се состоела од длабоки и плитки чинии, пехари, чаши, купи, бокалчиња, оинохои и слично, од кои се консумирале храната и пијалаците на свечените гозби.[20]

Главна карактеристика на средновековната луксузна, трпезна продукција е глеѓосувањето. Имено, со разнобојни глазури и украсни техники се имитирале скапите и недостапни метални, торевтички садови.[21]

Глазираната керамика во Македонија се јавува во почетокот на XII век што коинцидира со економските и монетарни кризи во Византија. Со многубројни типови, форми, техничко-технолошки и декоративни решенија, оваа керамика е особено присутна во XIII-XIV век. Притоа, се среќаваат садови со монохромни глазури, со полихромно сликање, со втиснати печати или пластични апликации нанесени пред печатењето, а потоа глазирани. Најатрактивни и со најголем уметнички дострел се примероците украсени со зграфито (ран и доцен вид) и шамплеве декорација. Зграфитото подразбира врежување линеарен цртеж со остар предмет, а шамплеве-декорацијата значела украсниот мотив да се изведе со шпахтла, при што се отстранувале лентестите површини налик на потезите со четка. Процесот на изработка на глазирана керамика, воопшто, подразбира двојно печење. Првото е по обликувањето и сушењето во керамичка печка на температура до 900°C, при што се добива црвеникава (од светло до темноцрвена) боја.

Кај средновековната керамика деловите што се глазираат претходно се премачкувале со густа боја, *ангоба*, од бела, најпрочистена глина. На така приготвениот сад со зграфито или шемплеве-техника се извршувало декорирањето. Притоа, се отстранувала енгобата, а мотивите изведени со линеарно врежување или со шпахтла биле црвени и во контраст со белата, ангобирана површина. Потоа керамиката се глазирала и по втор пат се печела во печка за стакло. Освен садовите, со глазури се украсувале и детските играчки (сл. 4в), глинените јајца „писанки“,[22] керамичките плочки за печки итн.

За разлика од периодот на XII-XIV век кога глазираната керамика е поретка, скапа и исклучиво луксузна продукција, во османлиско време таа е вообичаена и широкопрdepartmentа технологија во керамичкото производство. Глазирањето кај османлиската керамика ја губи ексклузивноста. Тоа се применува заради постигање

---

[19] Алексова 1960, стр. 199-217.

[20] Bajalović – Hadži-Pešić 1981, 56-66, T. XVII, XVIII, XX, XXII, XXIV; Babić (2008), Pl. I-VIII; Id., 1986, 292-297, T. II, II.

[21] Bajalović – Hadzi-Pešić 1981; Bikić 1994; Byzantine glazed Ceramics 1999; Борисов 2002; Babić (2008), 917-933, T. I-VIII etc.

[22] Рыбаков 1987, 669, рис. 119.

поголема цврстина, помала порозност и, секако, заради сличноста со торевтичките предлошки.

Притоа, во османлиското керамичко производство се ползувани искуствата од Месопотамија, односно од Персија, од Далечниот Исток сè до Кина, од понтиските и балканските простори и, секако, од постарата византиска продукција.[23]

Османлиските мајстори ги претпочитале зелените глазури во нијанси од светла, па сè до многу темнозелена, скоро црна боја. Се среќаваат, исто така, и маслинестите, жолтеникавите и кафените нијанси. **(Сл. 4-11)**

Во ова време постојат и одредени правила кои делови од садовите да се глазираат.

Така, грнците и капаците се глазирале само околу устинките, односно рабовите.

Еден дел од чашите, шолјите и пехарите се глазирале околу устинката, но имало и многу примери кога глазирањето се изведувало и делумно или целосно врз надворешната површина. **(Сл. 4)**

Длабоките и плитките чинии се глазирале целосно од внатрешната страна, додека надворешната површина се третирала до половината или нешто над или под средината. **(Сл. 5, 9, 10)**

Тестиите (стомни за вода), бардаците, бокалите и ибриците (еден од најомилените садови за полевање налик на металните) се глазирале целосно, до две третини или до половина од надворешната страна, додека однатре била само устинката. **(Сл. 6б, 8, 10)**

Кујнските цедилки за миење на продуктите и теглите за чување мед и пекмез **(Сл. 6в)** се глеѓосувале целосно и однадвор и однатре.

И култната керамика за христијанските обреди (кандила, кадилници, свеќници, путири за причесна и садови за нафора), како и одделни видови за секојдневна употреба (мастилници, играчки, соларници, посатки за зачини, за бои и пигменти, за лекови и сл.) се глазирале целосно или делумно според установените правила карактеристични за наведената продукција.

За разлика од периодот од XII-XIV век кога глазирањето е исклучиво луксузна постапка, скапа, ретка и достапна само до највисоките општествени слоеви, османлиската глазирана керамика е широкоприфатена.

Меѓутоа, постои една значајна разлика во производниот процес: глазурата се нанесувала или врз провидна ангоба или врз неангобирана површина. Исто така, пред глазирањето, по избор, се нанесувале пигменти во боја со што се добивал и специфичен ликовен ефект, поинаков во однос на оној од византиската продукција.

Декорираните керамички садови со османлиска провениенција подразбирале повеќе технолошко-технички постапки и ликовни стилови.

---

[23] Frantz (1942), 1-28; Кузев (1976), 131-136, Т. I-VII; Bakritzis (1980), 147-153; Bajalović – Hadzi-Pešić (1984), 311-329, sl. 1-17; Hayes 1992; Zečević (2001), 23-68; Bikić 2003 etc.

Сликањето со бела боја се изведувало со густа бела глина, јасен и контрастен цртеж во однос на црвеникавата подлога, при што се забележува и благо релјефно нагласување на прикажаните мотиви. **(Сл. 7, 11)**

Со бела густа глина, со помош на широка четка се нанесувале и крупни издолжени или зрачесто нанесени цветни мотиви. **(Сл. 8)**

Необичен стил на сликање со бела боја е оној со „слевање", што се постигнувал со движење на садот по нанесувањето на бојата.

Сликањето со бела (некогаш и со зелена боја) се изведувало и со слободна рака. Притоа, најчести се вегетабилни украси, гранчиња, спирали, ластунки и сл. **(Сл. 7, 8, 11)**

Кај полуксузните примероци, длабоките чинии, плитките чинии, ибриците, бокалите, купите, пехарите и други садови претежно за трпезна употреба се присутни украсувањата со зграфито техника.

Т.н. едноставна зграфито техника подразбира врежување украсен мотив (обично вегетабилен или флорален) врз белузлава провидна ангоба, а потоа премачкување со жолтеникава или зелена глазура.

Колоритното зграфито е посложена техника на украсување кај османлиската, луксузна керамика. Таа некогаш е комбинација од врежување и сликање со пигменти нанесувани пред глазирањето. Притоа, мотивите (спирали, вегетабилни или цветни) се врежани со тенка линија и со минуциозен цртеж, а секое од овие полиња е издвоено со подебели и подлабоко врежани линии. **(Сл. 9, 10)**

Покрај тоа, деталите и контурите на декоративните мотиви се досликувани со зелени и кафени пигменти.

Османлиската култура подразбирала и употреба на разновидни метални садови во секојдневниот живот, за широка употреба или за трпезни свечености. Оттука и многу форми на керамички садови се преземени од торевевтиката.[24] **(Сл. 8, 11)**

Масовното консумирање на тутунот од почетокот на XVII век резултирало со појава на лулиња,[25] поретко и на наргилиња.

На локалитетите со подолг континуитет на живот и со присуство на слоеви од XVII до почетокот на XX век се најдени илјадници примероци на лулиња. Не сметајќи го чубукот, реципиентот во кој согорувал тутунот најчесто бил изработуван од фино прочистена глина и од специјализирани мајстори. Овој дел поретко се изработувал во керамички работилници (освен во локални центри во поизолираните области).

Според квалитетот и бојата на глината, формата на реципиентот, начинот на изработка (во калап или рачно обликување), сигнатурите на работилниците, религиозните, филозофските или хедонистичките записи, центрите на изработка и друго, лулињата се класифицираат во многу типови, варијанти и вариетети. Нивната

[24] Karamehmedović 1980; Trajković 2002; Конеска 2000; Guštin, Bikić, Milleusnic, 2008.

[25] Илчева (1975), 179-199, Т. I-VII; Stančeva (1975-1976), 129-138; Robinson (1985), 149-203 etc.

обработка, секако, заслужува попродлабочени студии. Впрочем, тоа се однесува и за целокупната керамичка продукција од османлискиот период. **(Сл. 12)**

Меѓу керамичките садови од наведеното време, би требало да се споменат и „ноќните грништа" откриени и потврдени со неколку примероци и во *Скопско Кале*. Нивното присуство зборува за новите комунални навики на овие простори.[26]

Познавањето на керамиката од османлискиот период, севкупно, заедно со средновековните континуитети наоѓа голем одѕив во создавањето на фолклорната керамичка продукција. Овој етнолошки материјал како дел од македонската народна култура жилаво опстојува сè до денешни дни.

Сè уште активните керамичарски работилници, покрај другото, произведуваат садови за зачуваните погребни обичаи – задушници, за извршување одделни христијански обреди, како и за друга намена. Зачувани се и техниките на сликање и глазирање.

Во одделни рурални средини сè уште се негува древниот обичај на рачно изработени црепни за печење леб. Тоа е т.н. *женска керамика*,[27] која се врзува за празникот *Ѓурѓовден* и, секако, за цикличното обновување на природата и на животот.*

[26] Bakritzis (1980), 148, Fig. 17; Bikić 2003, 92, 155, 156, Тип XIX/$_{1-3}$, сл. 35.

[27] Filipović (1951), 1-185.

* Фотодокументацијата ја изготви археологот Орданче Петров.

### *Литература*


Anderson 1977

V. R. Anderson, *Pottery of the Late Hellenistic and Early Roman Period at Stobi,* PhD Dissertation, University of Texas at Austin (ракопис).

Алексова 1960

Б. Алексова, Средновековна керамика од црквата „Св. Софија" во Охрид, *Гласник на Институтот за национална историја,* 1-2, Скопје 1960, 199-217

Babić (2008)

B. Babić, Trouvaille scellée de poterie de table Byzantine à Skopsko Kalée, *Археолошките откритија на почвата на Македонија,* Том 19, *МАНУ*, Skopje, 917-933, Pl. I-VIII

Bajalović – Hadzi-Pešić 1981

M. Bajalović – Hadzi-Pešić, *Keramika u Srednjovekovnoj Srbiji*, Beograd

Bajalović – Hadzi-Pešić (1984)

M. Bajalović – Hadzi-Pešić, Nalazi turske keramike iz Iznika u Srbiji, in V., Han(ed). *Gradska kultura na Balkanu* (XV-XIX vek), knj. I, *Zbornik radova, Balkanološki institut SANU*, Pos. izdanje 20, Beograd, 311-329, sl. 1-17

Bakirtzis (1980)

Ch. Bakirtis, Dydimoteichon: un centre de céramique post-byzantine, *Balkan Studies* 21.1, 147-153

Bikić 1994

V. Bikić, *Srednjovekovna keramika Beograda,* Arch. Institut knj. 25, Beograd

Bikić 2003

V. Bikić, *Gradska keramika Beograda (16-17.vek)*, Beograd

Byzantin Glazed Ceramics 1999

*Byzantin Glazed Ceramics, The Art of Sgraffito* (ed. D. Papanikola-Bakirtzi). Muzeum of Byzantine Culture, Athens

Бабиќ 1974

Б. Бабиќ *Средновековно културно богатство на СР Македонија*, Прилеп

Бабиќ 1976

Б. Бабиќ, *Културно богатство на Прилеп од V до XIX век*, Прилеп

Бабиќ 1986

Б. Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања од Прилеп,* Прилеп

Белдедовски (2008)

З. Белдедовски, Најрани словенски артефакти од Брегалничкиот регион, *Археолошките откритија на почвата на Македонија,* Том 19, *МАНУ*, Скопје, 943-951

Битракова-Грозданова 1986

В. Битракова-Грозданова, *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија,* Скопје

Борисов 2002

Б. Борисов, *Керамика и керамично производство през XI-XII век (от територията на днешна Югоисточна България,* „Марица – Исток“, Том 6, Раднево

Filipović (1951)

M. S. Filipović, Ženska keramika kod balkanskih naroda, *Etnografski institute, knj. 2, SANU*, CLXXXI, Beograd, 1-185

Frantz (1942)

A. Frantz, Turkish pottery from the Agora, *Herperia,* 1-28

Guštin, Bikić, Mileusnić 2008

M. Guštin, V. Bikić, Z. Mileusnić, *Ottoman times; the Story of Stari Bar Monenegro = Osmanska vremena: priča o Starom Baru,* Crna Gora, Annales Mediteranea, Koper

Hayes 1992

J. W. Hayes, *The Pottery, Excavations at Saraçhane in Istanbul,* Vol. 2, Princeton Univrsity Press and Dambarton Oaks Research Library and Collection, Princeton, New Jrsey

Илчева (1975)

В. Илчева, Глинени лули от Велико Търново, *Годишъник на музеите од Северна България* 1, 179-199, Т. I-VII

Јовановић 2004

В. С. Јовановић, *Ново Брдо, Средњовековни град*, Novo Brdo Mediaeval Fortress, Београд, 10-161

Karamehmedović

M. A. Karamehmedović, *Umjetnička obrada metala,* Veselin Masleša, Sarajevo

Колиштркоска-Настева, Карпузова (2008)

И. Колиштркоска-Настева, С. Карпузова, Графитно декорирана керамика од лок. Пилаво, с. Бурилчево, Кочанско, *Археолошките откритија на почвата на Македонија,* МАНУ, кн.17, Скопје, 127-141, Т. I-VII

Конеска 2000

Е. Конеска, *Бакарни садови во Македонија од османлискиот период*, Скопје

Кузев (1976)

А. Кузев, Грънчарница за глазирана керамика от XVII век във Варна, *Известия на Народния музей Варна* XII, 131-136, Т. I-VII

Mitrevski (2012)

D. Mitrevski, Middle Iron Age Pottery from the Lower Vardar or Amphaxitis Region, Folia Archaeol. Balkanica II, Skopje, 85-98

Манева 1979

Е. Манева, *Неколку типови и форми на елинистичка и римска керамика од Хераклеја,* Битола

Манева 2004

Е. Манева, *Чукарка, Средновековна некропола* (М. Јованов, Е. Манева, Ф. Велјановска, *Чукарка Римски тумул Средновековна некропола),* Скопје 43-143, II-III

Манева 2007

Е. Манева, *Древниот накит од Македонија, Некропола Водоча XV-XIX век,* Каламус, Скопје
Манева (2007/$_1$)
Е. Манева, Пролегомена за археологијата на турското средновековие, *Зборник на трудови 2* (in memoriam Јован Ананиев), Струмица, 169-183
Ончевска-Тодоровска 2004
М. Ончевска-Тодоровска, *Доцноантичка грнчарија од Скупи (втора половина на IV век),* Музеј на град Скопје
Ончевска-Тодоровска 2010
М. Ончевска-Тодоровска, *Доцноантичка грнчарија од Република Македонија, (доцен 3 – 6 век)* , Музеј на град Скопје
Robinson (1985)
R. C. W. Robinson, Tobacco Pipes of Corinth and the Athenian Agora, *Hesperia* 54, 2, 149-203
Ристески (2008)
Б. Ристески, Раносредновековна садова керамика во Република Македонија, *Археолошките откритија на почвата на Македонија,* Том 19, *МАНУ*, Скопје, 1035-1061, Т. I-III
Рыбаков 1987
Б. А. Рыбаков, *Язычество древней Руси*, „Наука“, Москва
Sanev (2008)
V. Sanev, Some Characteristics of the Anzabegovo-Vršnik Cultural Group in Macedonia, *Археолошките откритија на почвата на Македонија,* МАНУ, кн.17, Скопје, 33-44, T. I-III
Станчева (1975-1976)
М. Станчева, О производњи керамичких лула у Бугарској, *Зборник Музеја примењене уметности у Београду,* 19-20, 129-138
Стојановски 1988
А. Стојановски, *Македонија во турското средновековие (крајот на XIV – почетокот на XVIII век)*, Скопје
Trajković 2002
I. Trajković, *Metalno pokućanstvo i posute,* Katalog, Narodni muzej - Niš
Zečević, Radičević (2001)
E. Zečević, D. Radičević, Keramika Đurđevih Stupova, *Novopazarski zbornik* 25, 23-68



1. Црепна и капак - Скопско Кале
Flat-bottomed baking pan with lid - *Skopsko Kale*



2. Грнец и тава - Приватна колекција
Pot and baking-pan - *Private collection*



3. Врчва и ќуп - Приватна колекција
Earthenware amphora and beaker - *Private collection*



4. Едноушести грнињa и детска играчка - Скопско Кале
One-handled pitcher and cup - *Skopsko Kale*



5. Вагани – каленици - Скопско Кале
Earthenware dishes - *Skopsko Kale*



6. Зелено глеѓосани садови а) ибрик, б) чинија, в) тегла - а,б – Скопско Кале
в) приватна колекција
Green glaze vessels - a) dish; b) *ibrik*; c) jar - a&b - *Skopsko Kale*; c - *private collection*



7. Бело сликање со слободна рака - а,б) амфоровидни стомни, в) бокалче – оинохое
а) Исарот – Штип б) од покривот на Безистен – Битола – приватна колекција; в) приватна колекција
Freehand white painting on ceramics: - a, b) Amphora-like water-jugs, c) beaker (*oinochoe*) - a) Isar Fortress, Štip; b) from the roof of the covered market, or *bezistan*, in Bitola - private collection; c) private collection



8. Ибрици - Исарот – Штип
a) & b) drinking vessel (*ibrik*, or *cezve*) - *Isar fortress, Štip*



9. Сет садови со колоритно зграфито - Исарот – Штип
Set of vessels with colourful *sgraffito - Isar fortress, Štip*



10. Садови со колоритно зграфито - Скопско Кале
Set of vessels with colourful *sgraffito* - *Skopsko Kale*



11. а, б) Ибрици – сликање в) пехар – комбинирана декоративна техника - Скопско Кале
a) and b) Water jugs (*ibrici*) - painted; c) cup - combined decorative technique - *Skopsko Kale*



12. Оосманлиски лулиња - Скопско Кале
Ottoman tobacco-pipes - *Skopsko Kale*

*Elica MANEVA*

# TOWARDS A BETTER UNDERSTANDING OF THE CERAMIC VESSELS PRODUCED IN MACEDONIA DURING THE OTTOMAN PERIOD

***Summary***

No serious research has yet been undertaken on the ceramic vessels produced in Macedonia during the Ottoman period. This paper attempts to present the most typical qualities of this rich ceramic output on the basis of a selection of materials recovered from the site of the citadel of Skopsko Kale, the site of the Isar Fortress in Štip, and from a private collection.

The ceramic vessels produced before the arrival of the Ottomans differed only in certain aspects from the vessels produced thereafter—the main differences being in the ways in which ceramic vessels were used in preparing, preserving and serving food in Christian funereal rites, as well as in certain everyday needs and various technological or technical procedures.

There is thus a certain degree of continuity in the appearance and the purpose of most of the ceramic types produced in Macedonia during the medieval Ottoman period, including the earthenware baking vessels, the amphora, flat-bottomed pans, earthenware tumblers, clay chalices, pitchers, incense-burners, plates for communion bread, and acoustic vessels (resonators).

Stretching across three continents at the height of its power, the Ottoman Empire absorbed many influences from diverse spheres of life and culture, including a range of techniques and tastes in vessel production: from China and the Far East, from Pontus and the Balkans and, of course, from earlier Byzantine culture.

Glazes were used in this period not only for luxurious tableware but also for ceramic vessels intended for everyday use. In each case, indeed, there were rules dictating which part of the vessel was to be glazed—the inner or outer side, the whole surface, or only the spout and the edges. Decoration took the form of painting in white or green colours with simple or colourful *sgraffito* techniques. Green glazes were most favoured by potters in the Ottoman period, with shades ranging from bright to almost black. Olive, yellowish and brown shades were also popular.

The widespread consumption of tobacco from the beginning of the $17^{th}$ century resulted in the prolific production of tobacco pipes. The production of pipes was mostly carried out by specialized craftsmen using highly refined clay. Only rarely were pipes produced by non-specialists, usually local potters whose pipes were typically of lower quality.

Ottoman tastes and techniques in ceramics had a significant influence on traditional practices of Macedonian potters. This ethnological material has survived to the present day as a living part of Macedonian folk culture.

***Key words***: *OTTOMAN PERIOD, CERAMIC VESSELS, GLAZE, SGRAFFITO, PIPES*